РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-98/14
24.10.2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 31. седница одржана на 23.06.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на нова студиска програма „Економија", прв циклус четиригодишни студии на Економски факултет, при Меѓународен Универзитет Визион**

1. Се акредитира студиска програма **„Економија", прв циклус четиригодишни студии на Економски факултет, при Меѓународен Универзитет Визион** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран економист (мак), Bachelor of Economics (анг), Iktisat Lisans Mezunu (тур),** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, научно истражувачко поле: Економски науки, научна област: Области во рамки на полето.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на претходно донесената Предлог одлука за основање Меѓународен Универзитет Визион, од „ШАР ВАРДАР" - Фондација за наука, култура и уметност, потпишана од Доц. д-р Менсур Нуредини, бр. 04-06/14 од 10.04.2014 година. Во одлука, се наведени планираните факултети, вклучително и Економскиот факултет, како и студиските програми од прв и

втор циклус планирани на овој факултет,  на 10.06.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на меѓуседница 30/31, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 31. седница одржана на 23.06.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Миколај Кузиновски